# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО МЕДИЦИНСКА МИКРОБИОЛОГИЈА И ПАРАЗИТОЛОГИЈА“ ЗА ФАРМАЦИЈА, ДЕНТАЛНА МЕДИЦИНА И СТРУЧНИ СТУДИИ ОД ПРОФ. Д-Р ВАСО ТАЛЕСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, како и Одлука бр. 2002 - 278/17 од 153. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 9.12.2015 год., формирана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Никола Пановски, редовен професор, Институт за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет - Скопје,
- проф. д-р Гордана Јанкоска, вонреден професор, Институт за микробиологија и паразитологија, Медицински факултет - Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „Практикум по медицинска микробиологија и паразитологија“ за фармација, дентална медицина и стручни студии од проф. д-р Васо Талески, наменет за студентите на прв циклус студии, насоки: Фармација, Дентална медицина и стручни студии на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот „Практикум по медицинска микробиологија и паразитологија“ е практикум за предметот Микробиологија со паразитологија за насоките Фармација, Дентална медицина и стручни студии. Предметот се слуша на насоката Фармација во II година (IV семестар), 2 часа неделно, на насоката Дентална медицина во II година (III семестар) со 2 часа настава и на сите насоки на стручните студии се слуша во I година (II семестар).

Практикумот е во согласност на наставната програма за предметот и ја опфаќа наставната материја за сите студиски програми за кои е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот**

Практикумот се состои од 150 страници, А4 формат, содржи 241 слика и 4 табели. Материјалот е поделен во 21 вежба, распоредени според Наставниот план и програма. Ракописот ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Материјалот обработен во практикумот е според предвидената програма и часовите за споменатите студиски насоки. Студентите ќе ги прошират своите вкупни познавања од медицината преку запознавање со практична работа во микробиолошка лабораторија и со можностите за современа микробиолошка дијагностика на најзначајните бактерии, вируси, габички и паразити.

Предвидено е да се одржат и обработат вежбите соодветно наменети за секоја насока, во училниците на ФМН и во микробиолошка лабораторија, при што студентите ќе се запознаат со сите постапки од приемот на разни видови материјали до добивање на конечната дијагноза, со толкување и издавање на резултатите ќе бидат присутни и ќе учествуваат во практична работа и изведување на некои дијагностички процедури.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Овој ракопис е второ проширено и надополнето издание на Практикум издаден од истиот автор кој е издаден во 2014 година и објавен на е-учење на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

**Краток опис на содржината**

Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик, со голем број на слики кои многу го олеснуваат совладувањето на материјата.

Практикумот обработува главно две целини: општ и специјален дел.

Во вежбите од општиот дел е даден приказ на најзначајните постапки и протоколи за безбедност при работа во микробиолошки лаборатории, земање и транспорт на разни примероци за микробиолошки испитувања, боење на микроорганизмите со опис и практична работа со најчесто користеното боење по Грам, сложени боења, запознавање со хранителните подлоги, подготвување, засадување и инкубирање, биохемиски испитувања, изработка на антибиограми и толкување на резултатите, серолошки реакции, значење на акредитација за микробиолошка лабораторија, улога на микробиолошката лабораторија во фармацевтската индустрија, значење и подготовка на стерилизација и дезинфекција.

Во вежбите од специјалниот дел се прикажани можностите за микробиолошка дијагноза на некои позначајни бактериски, вирусни, габични и паразитски инфекции, контрола на интрахоспитални инфекции, молекуларни методи (PCR) и обработка на хемокултури.

Во практикумот е нагласено во секоја вежба што треба студентот сам да изработи и што треба да знае за да ја колоквира вежбата.

Цитирана е постара, но сè уште актуелна литература, како и најсовремена литература од познати автори од Македонија, Европа и САД.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот „Практикум по медицинска микробиологија и паразитологија“ од проф. д-р Васо Талески ги опфаќа сите содржини од практичен аспект, според Наставната програма и содржина на истоимениот предмет за студентите на прв циклус за студиските програми Фармација, Дентална медицина и стручни студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип. Истиот може да се користи и од студенти на II циклус студии. Со издавање на овај ракопис студентите на споменатите насоки имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за практичната настава во соодветен обем на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало – практикум, како и условите за издавање пропишани според

Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип, ракописот „Практикум по медицинска микробиологија и паразитологија“ од проф. д-р Васо Талески да биде издаден како учебно помагало - практикум за студентите на Фармација, Дентална медицина и стручни студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Никола Пановски, с.р.**
**Проф. д-р Гордана Јанкоска, с.р.**